# НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА (НРС) 2024-2044

SUPPORTING THE DEVELOPMENT OF THE #NDS

Со НРС ќе се воспостави јасна стратегија за развојниот пат на државата во следните 20 години. Со цел да се обезбеди вклученост на голем број чинители, се спроведува процес на широка консултација со којшто ќе се изгради меѓу-генерациски, меѓу-етнички, меѓу-партиски и родов консензус помеѓу клучните општествени чинители. Преку стратегијата ќе се мапираат тековните и постоечките предизвици на општеството и ќе се изградат соодветни капацитети, со цел државата да биде подготвена и да може успешно да се соочи со овие предизвици. Таа ќе биде поддржана со широка организациска структура која ќе овозможи квалитетна изработка на НРС, како и следење на имплементацијата на долгорочно ниво.

## Клучни принципи на кои е поставена НРС:

- Долгорочно планирање: НРС ќе обезбеди јасен процес со кој се поставуваат главните приоритети за развојниот пат на државата;
- Системски пристап – фокус на поттикнување на институциите да соработуваат и да изградат капацитети за соработка со уште поголем фокус на хоризонталните стратегии;
- Вградена прилагодливост – транзицијата, промените и развојот бараат одржливи, флексибилни и прилагодливи напори од сите релевантни чинители во текот на долг временски интервал.
- Комплементарност – интегрирање на сите тековни процеси и приоритети во сите сегменти на развојот на државата (вклучувајќи го и процесот на пристапување кон ЕУ)
- Сеопфатно финансирање – НРС ќе промовира сеопфатно финансирање (национални и меѓународни јавни и приватни фондови).

Клучен фокус на процесот на стратешко планирање е активно вклучување на сите граѓани (вклучувајќи ги и претставниците од ранливите и маргинализираните групи) преку организирање работилници и дебати, вклучување на академската заедница и бизнис секторот, како и тим на меѓународни и домашни експерти. Јавноста се информира за процесот преку дигиталната платформа **www.nrs.mk;**

## Што е направено досега?

Развиен детален предлог за Оперативната структура на НРС;

- Зајакнати капацитети на тимот на НРС кој е воспоставен во рамките на Генералниот секретаријат преку серија на обуки и програми за менторирање; .

Дизајнирани и организирани 30 визионерски работилници со над 2000 граѓани;

- Изработени дваесет и три тематски студии/дијагностики;
- Подготвена анализа на моменталната состојба во државата од страна на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), врз основа на претходно изработените 23 тематски студии;

Воспоставена дигитална платформа за јавни консултации - www.nrs.mk

Подготвена анализа на моменталната состојба во државата од страна на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), врз основа на претходно изработените 23 тематски студии;

Воспоставена дигитална платформа за јавни консултации - www.nrs.mk

Промовирани видеа и радио реклами за НРС;

Подготвена анализа: „Иновативни алатки и механизми за финансирање на стратешки документи“.

## Следни чекори во процесот на подготовка на Националната развојна стратегија

- Подготовка на НРС низ следниве чекори:

Утврдување на стратешките области во рамките на НРС;

Утврдување на стратешките цели и приоритети за секоја стратешка област во рамките на НРС преку серија од 16 експертски работилници;

- Утврдување на индикатори и план за имплементација, мониторинг и евалуација;
- Подготовка на првата нацрт верзија на НРС од страна на тим од меѓународни и домашни експерти;

Организирање на финални консултации со граѓаните во сите плански региони;

- Подготовка на првиот Акциски план за имплементација на НРС.

- Воспоставување и зајакнување на капацитетите на оперативната структура на НРС;
- Градење на општествени способности за справување со долгорочни скалести ризици, вметнување прогнози во планирањето на политиките и подобрување на севкупниот квалитет на планирањето на развојот;

Активно вклучување на граѓаните во процесот преку дигиталната платформа на НРС - https://www.nrs.mk/.

UKaid from the British people
MINISTRY OF FINANCE OF THE SLOVAK REPUBLIC
UNDP
UNITED NATIONS NORTH MACEDONIA